20150602159

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Врз основа на член 55 став (3) од Законот за шумите ("Службен весник на Република Македонија" бр.64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15 и 44/15), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА МЕРКИТЕ НА ПРЕТПАЗЛИВОСТ, ЗА МЕСТАТА НАМЕНЕТИ ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА ЖЕЖНИЦИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ДРВЕН ЈАГЛЕН И ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ИСТИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат мерките на претпазливост, местата наменети за подигнување на жежници за производство на дрвен јаглен и обележување на истите.

Член 2

Местата на кои се произведува дрвен јаглен и вар треба да бидат на чистини надвор од шума или енклави во шума и да се:

1. на рамни терени
2. наоѓаат покрај вода, најдалеку 100 м од вода
3. заштитени од постојани ветрови и
4. во близина на пат.

Член 3

Големината на празниот простор - чистина за производство на дрвен јаглен и вар зависи од:

1. големината на жежниците и варниците;
2. потребата од слободниот манипулативен простор и
3. потребата од бараки, магазини и складишен простор.

Член 4

Производството на дрвен јаглен и вар се врши во :

1. отворени дупки
2. лежечки жежници и варници и
3. стоечки жежници и варници.

Член 5

(1) При производството на дрвен јаглен и вар во отворени дупки со површина од 4м2, празниот простор - чистината треба да изнесува најмалку 150м2.

(2) При производството на дрвен јаглен и вар во жежници и варници со површина од 6-10м2, празниот простор треба да изнесува најмалку 300м2, а за лежечките жежници и варници со површина поголема од 10м2, празниот простор изнесува 400м2.

(3) При производството на дрвен јаглен и вар во стоечки жежници и варници со кружна површина од 100м2, празниот простор треба да изнесува најмалку 3.000м2 а за стоечките жежници и варници со површина поголема од 100м2, празниот простор треба да изнесува најмалку 4.000м2.

Член 6

(1) Палењето на жежниците и варниците се врши исклучиво преку ден и кога не дува ветер.

(2) За цело време додека жежниците и варниците горат, потребно е непрекинато присуство на еден или повеќе работници за следење на процесот на согорувањето.

Член 7

Местата на кои се палат жежниците и варниците треба да се снабдени со минимални потребни средства за гаснење на пожари и тоа:

- три копачи
- три лопати
- три мотики
- три секири
- еден резервоар со вода со капацитет од најмалку 500 литри и
- три кофи за вода.

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.09-3594/2
2 април 2015 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
м-р **Михаил Цветков,** с.р.